Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 март 2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1467 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1467 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката (ЗНБП) 2020/1467 на Советот од 12 октомври 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки во однос на состојбата во Никарагва ќе се применуваат до 15 октомври 2021 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.40-3012/1
16 март 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Artan Grubi

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/1467 НА СОВЕТОТ

**од 12 октомври 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни прашања и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 14 октомври 2019 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 ([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва.

(2) Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 се применува до 15 октомври 2020 година. Врз основа на преглед на таа одлука, рестриктивните мерки утврдени во неа треба да се продолжат до 15 октомври 2021 година.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Член 9 од Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 се заменува со следново:

„*Член 9*

Оваа одлука се применува до 15 октомври 2021 година и редовно се прегледува. Таа се обновува или изменува како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.“

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Луксембург, 12 октомври 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

Ж. БОРЕЛ ФОНТЕЛЕС

---

[1] Одлука (ЗНБП) 2019/1720 на Советот од 14 октомври 2019 година за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Никарагва (Сл. весник бр. L 262, 15.10.2019 година, стр. 58).

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/1467

## of 12 October 2020

## amending Decision (CFSP) 2019/1720 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 14 October 2019, the Council adopted Decision (CFSP) 2019/1720 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua.

(2) Decision (CFSP) 2019/1720 applies until 15 October 2020. On the basis of a review of that Decision, the restrictive measures set out therein should be extended until 15 October 2021.

(3) Decision (CFSP) 2019/1720 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Article 9 of Decision (CFSP) 2019/1720 is replaced by the following:

'*Article 9*

This Decision shall apply until 15 October 2021 and shall be kept under constant review. It shall be renewed, or amended as appropriate, if the Council deems that its objectives have not been met.'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 12 October 2020.

*For the Council*

*The President*

J. BORRELL FONTELLES

[1] Council Decision (CFSP) 2019/1720 of 14 October 2019 concerning restrictive measures in view of the situation in Nicaragua (OJ L 262, 15.10.2019, p. 58).